ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 36 ДАТА 10.09.2021 ГОДИНА 39

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 36 ДАТА 10.09.2021 г.


## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛИКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТИС НА ФУДБАЛЕРИ НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Седница од 06.09.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје: Брдаревски Д. Владица од ФК „Дрита„ од Република Косово по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерот Стефан Лазаревиќ склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетарње од 1 (една) година до Летен преоден рок 2022 година.

Фудблскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и фудбалерот Владица Брдаревски склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2022 година.

Фудбалскиоот клуб „Шкупи 1927 АД„ Скопје и фудбалерот Шуку Ерион склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2023 година.

❖ **Склучување на договори за привремено отстапување:**

Фудбласкиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, Фудбалскиот клуб „Слога 1934„ од Виница и фудбалерот Шуку Ерион склучија договор за привремено отстапување на фудбалер во времетраење од 6 (шест) месеци до Зимски преоден рок 2022 година.

Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, Фудбалскиот клуб „Тиквеш 1930 АД„ од Кавадарци и фудбалерот Ѓурчиновски Александар склучија договор за привремено отстапување на фудбалер во времетраење од 6 (шест) месеци, до ЗПР рок 2022 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ**
**Седница од 06.09.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РОСОМАН 83„ с. Роосман: Цурлески З. Давид и Нацески П. Филип од ФК „Напредок„ од с. Крушеани, по член 35/3.

ГФК „ТИКВЕШ 1930 АД„ Кавадарци: Ѓурковски Виктор Александар од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, по член 35/8.

КМФ „ЦРНА РЕКА„ с. Возарци: Шиков Д. Ванче, по член 35/1.

Јанев Р. Антонио и Миланов М. Бојан од КМФ „Клими„ од Кавадарци, чл. 35/3.

КМФ „КЛИМИ„ Кавадарци: Чоков Т. Димитар од КМФ „Кеги Моби„ од Велес, по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП**
**Седница од 06.09.2021 година**

❖ **Регистрација на фудблери:**

ФК „КИТ ГО ПЕХЧЕВО„ Штип: Ѓошев Г. Павел од ФК „Овче Поле Јуниор„ од Свети Николе, по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ**
**Седница од 06.09.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СЛОГА 1934„ Виница: Шуку Ерион од ФК„Шкупи 1927 АД„ од Скопје, по член 35/8.
Кузевски Стефан од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО**
**Седница од 06.09.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ПРОЕКТ„ с. Јосифово: Петровски Љ. Влатко од КМФ „Арбен Бајрами„ по член 35/3.
Димитар К. Јанев, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС**
**Седница од 06.09.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ТИМ ЛОКОМОТИВА„ Градско: Роберт Димитриевски од ФК „Победа АД„ од Приеп, по член 35/3.

КМФ „КЕГИ МОБИ„ Велес: Ивановски Кирил и Драскачев Бобан од КМФ „Проект„ од Валандово, по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 16.08.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ДЕТОНИТ ЈУНИОР„ Радовиш: Ефремовски Б. Емил од Фудбалскиот клуб „Ескилштуна„ од Шведска, по член 35/11.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА**
**Дополнување на документција од**
**Седница од 31.08.2021 годна**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕТР АД„ Битола: Стојановски М. Антонио од Фудбалскиот клуб „Висче„ од Флензбург од Република Германија, по член 35/11.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 03.09.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СКОПЈЕ АД„ Скопје: Зепата Јола Одра од Фудбласкиот кклуб „Спартак„ од Москва, од Република Русија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

Фудблскиот клуб „Скопје АД„ од Скопје и фудбалерот Зепата Јола Одра склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавње со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2022 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 01.09.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Гуера Џоу Џесие Џенсен од Ногометниот клуб „Вараждин„ од Република Хрватска, по член 35/11.

- **Склчување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Гуера Џоу Џесие Џенсен склучија договор за вработување на фудбалер во времетраење од 1 (една) година до Летена преоден рок 2022 година.

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Добре Иванов -претседавач, Расим Муминовиќ – зам.претседавач, Тони Донев – член и Мудин Исмаили-член постапувајќи по Барањето на ФК Работнички АД од Скопје бр. 25-1329/1 од 27.05.2021 година, врз основа на член 114 став 1 алинеа 6 од Статутот на ФФМ а во врска со член 24 од Правилникот за внатрешна организација на ФФМ на седницата одржана на ден 09.09.2021 година ја донесе следната:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 25-2067/2
09.09.21

**О Д Л У К А**

1. Се утврдува дека Барањето на ФК Работнички АД од Скопје бр. 25-1329/1 од 27.05.2021 година за наплата на надоknада за тренирање-тренинг компензација за фудбалерот Михаил Талевски ИД бр.117969 е основано.
2. Се задолжува ФК Пелистер АД Битола да изврши уплата на тренинг компензација за фудбалерот како во Барањето во износ од 5416,7 евра во денарска противвредност на жиро сметка на ФК Работнички во НЛБ Тутунска банка број 210068076580135.
3. Доказот за извршена уплата да се достави до Комисијата за статус на фудбалери најдоцна до 24.09.2021 година.
4. Непостапувањето по оваа одлука претставува дисциплински прекршок.
5. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ Макфудбал.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Фудбалскиот клуб Работнички АД од Скопје до Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ поднесе Барање за наплата на надоknада за тренирање-тренинг компензација за фудбалерот Михаил Талевски ИД бр.117969. Со Барањето достави и доказ за уплатена такса за поднесок.

Во Барањето е наведено дека поранешниот фудбалер на ФК Работнички Михаил Талевски ИД бр.117969 склучил Договор за професионално тренирање со ФК Пелистер АД Битола на 09.02.2021 година објавен во Макфудбал бр. 5/2021 година како и дека до поднесување на ова Барање и покрај обидот за реализирање на обврската по мирен пат (мејл комуникација од 05.03.2021 година ) ФК Пелистер не ја уплатил тренинг компензацијата за фудбалерот.

Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ постапувајќи по барањето на ФК Работнички АД од Скопје во подготвителна постапка се обрати до ФК Пелистер со мејл комуникација од 25.08.2021 година и побара од клубот до 27.08.2021 година да се произнесе по наводите во доставеното Барање. ФК Пелистер до одржување на оваа седница не се произнесе по Барањето ниту достави доказ дека ја извршил уплатата на тренинг компензацијата.

Комисијата ги обезбеди сите потребни материјални докази кои се предуслов за мериторно одлучување и тоа:

- професионален Договор склучен помеѓу Михаил Талевски ИД бр.117969 со ФК Пелистер АД Битола - Макфудбал бр. 5/2021 година од 10.02.2021 година;
- доказ за направен трансфер /фудбалски пасош на фудбалерот;
- исписница од ФК Работнички АД за Михаил Талевски ИД бр.117969;
- одлука за тренинг компензација од 08.07.2011 година

По разгледување на Барањето и материјалните докази Комисијата заклучи дека поранешниот фудбалер на ФК Работнички Михаил Талевски ИД бр.117969 направил трансфер

ФК Пелистер АД Битола на 01.02.2021 година објавен во Макфудбал бр. 5/2021 година. Пресметката на износот на тренинг компензацијата е уредно направена од страна на подносителот согласно Одлуката за тренинг компензација од 08.07.2011 година и времетраењето на периодот на тренирање кој изнесува 1 година и 24 дена а пресметката за 1 година и 1 месец.

Согласно погоренаведеното имајќи ги во предвид и одредбите на член 65а на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ и надлежноста утврдена во Правилникот за внатрешна организација на ФФМ Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:**
Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12.000,00 денари за правно лице, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Претседавач,
Добре Иванов

доставено до:
- ФК Работнички АД Скопје
- ФК Пелистер АД Битола
- макфудбал
- архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**